**20251453233**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24, став 1 алинеја 5 а во врска со член 140 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19, 153/19, 92/21, 222/24, 59/25 и 135/25), Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за користење на радиофреквенции за радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz, број 0805-1103/15 од 08.07.2025 година, донесена од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија број 143/25) и Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции за радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz, број 50-5523/9 од 08.07.2025 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 140/25), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 17.7.2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ЈАВЕН ТЕНДЕР СО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ОД РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИТЕ ОПСЕЗИ 700 MHZ, 1800 MHZ И 3.X GHZ

Член 1

Се распишува јавен тендер со јавно наддавање за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz.

Член 2

Предмет на Јавниот тендер е доделување на одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 700 MHz (694-790 MHz), 1800 MHz (1710-1785/1805-1880 MHz) и 3.x GHz (3400-3800 MHz) за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи/услуги и тоа:

- A1: одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба за радиофреквенциски опсег 703-713/758-768 MHz (2x10 MHz) на целата територија на Република Северна Македонија;
- B1: одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба за радиофреквенциски опсег 1775-1785/1870-1880 MHz (2x10 MHz) на целата територија на Република Северна Македонија;
- C1: одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба за радиофреквенциски опсег 3.5-3.6 GHz (1x100 MHz) на целата територија на Република Северна Македонија.

Член 3

(1) Право на учество на јавниот тендер со јавно наддавање за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука има домашно и странско физичко или правно лице кое ќе ја подигне Тендерската документација од член 11 на оваа одлука и кое ги исполнува следните услови:

- во последните 5 години на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години не му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од кривичните дела учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, утврдени во Кривичниот законик;
- да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- да не е во постапка на стечај или постапка на ликвидација;
- да има платени даноци, придонеси и други јавни давачки, освен ако не му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
- да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- да не му е изречена прекршочна санкција - привремена забрана за вршење одделна дејност; и
- да не поседува јавна радио комуникациска мрежа на територијата на Република Македонија.

(2) Понудувачот треба да даде писмена изјава дека ќе започне да ги користи радиофреквенциите определени во одобренијата за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука до крајот на 2026 година.

Член 4

Одобренијата за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука A1 и C1 се издаваат за период од 12 (дванаесет) години, а одобрението B1 се издава за период од 8 (осум) години, со важност од денот на издавање на одобрението и со право на продолжување на важноста на одобрението на начин утврден во Законот за електронските комуникации.

Член 5

Критериум за избор на најповолен понудувач за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука е:
- висината на еднократниот надоместок за добивање на одобренија за користење на радиофреквенции.

Член 6

1) Најнискиот почетен износ на пазарната вредност на радиофреквенциите како еднократен надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука изнесува:
- за одобрението A1 изнесува 4.200.000 (четири милиони и двеста илјади) евра;
- за одобрението B1 изнесува 1.500.000 (еден милион и петстотини илјади) евра;
- за одобрението C1 изнесува 2.320.000 (два милиони и тристадвесет илјади) евра;

2) Понудувачите не смеат да понудат помал или ист почетен износ утврден во ставот 1 од овој член.

3) Понудувачот кој ќе се квалификува за јавното наддавање треба да уплати депозит во висина од 10% од почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите утврден во став 1 на овој член на сметка на Агенцијата за електронски комуникации, најдоцна до денот определен за јавно наддавање.

4) Понудувачот кој нема да биде избран за најповолен понудувач во постапката на јавното наддавање уплатениот депозит му се враќа во рок од 5 дена од денот на завршувањето на јавното наддавање, а на понудувачот којшто ќе биде избран за најповолен понудувач уплатениот депозит не му се враќа туку истиот станува составен дел на избраната понудена цена од јавното наддавање, при што Агенцијата уплатениот депозит ќе го уплати на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија.

5) Понудувачот кој ќе биде избран за најповолен понудувач по спроведеното јавно надавање, разликата помеѓу понудената цена на еднократниот надоместок за добивање на одобрението за користење на радиофреквенции и уплатениот депозит од став 2 на овој член од оваа одлука треба да ја плати на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка во рок од 10 дена од денот на приемот на одлуката за избор на најповолен понудувач.

Член 7

(1) Рокот за доставување на понудите е 35 дена од денот на објавување на јавниот тендер во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(2) Понудата и придружната документација треба да се достават во еден оригинален примерок во писмена форма на македонски јазик, а техничките термини можат да бидат на англиски јазик и истата треба да биде отпечатена на начин на кој што не е можно бришење на текстот. Понудата треба да е потпишана и заверена од одговорното лице на понудувачот. Понудата не смее да содржи никакви измени или додатоци. Доколку постои корекција на одредени грешки, корекцијата треба да биде парафирана од одговорното лице на понудувачот.

(3) Понудата се поднесува во затворен плик. На предната страна на надворешниот плик на горниот лев агол треба да биде испечатен текст „НЕ ОТВОРАЈ“, бројот кој се однесува на тендерот, а во средината на пликот адресата на која треба да се достави понудата.

Член 8

(1) Јавното отварање на понудите ќе се изврши во просториите на Агенцијата за електронски комуникации на 22.08.2025 година во 10:00 часот.

(2) Претставниците кои ќе присуствуваат на јавното отварање на понудите, треба да и предадат на Комисијата за спроведување на јавен тендер писмено овластување за присуство на јавното отворање.

Член 9

(1) За да може да се квалификува за јавното надавање понудувачот треба да ги исполни условите од член 3 на оваа одлука и да достави навремена и комплетна понуда согласно инструкциите наведени во тендерската документација.

(2) Јавното наддавање ќе се изврши доколку за исто одобрение за користење на радиофреквенции што е предмет на јавниот тендер со јавно наддавање се квалификуваат најмалку двајца понудувачи.

(3) Одлуката за избор на понудувачи кои ќе учествуваат во постапката на јавно наддавање ќе се донесе во рок од 10 дена од денот на јавното отворање на понудите. Во одлуката ќе се утврди местото и времето на одржување на јавното наддавање кое што нема да биде пократко од 14 дена и подолго од 30 дена од денот на донесување на одлуката.

(4) Одлуката од став 3 на овој член заедно со поканата за учество на јавното наддавање ќе се достави истовремено до сите квалификувани понудувачи во рок од 3 дена од денот на нејзиното донесување.

Член 10

(1) Јавното наддавање го спроведува претседателот или заменикот на претседателот на Комисија за спроведување на јавен тендер со јавно наддавање формирана со решение на Директорот на Агенцијата од редот на вработените во стручната служба на Агенцијата.

(2) Јавното наддавање за доделување на одобрението од член 2 на оваа одлука ќе се изврши само доколку се квалификуваат најмалку двајца понудувачи.

(3) Постапката за јавно наддавање ќе биде детално прецизирана во Тендерската документација.

Член 11

Заинтересираните страни може да ја добијат тендерската документација по уплата на износ од 200 евра во денарска противредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на една од сметките на Агенцијата за електронски комуникации, и истата ќе може да се подигне во архивата на Агенцијата за електронски комуникации секој работен ден од 09:00-15:00 часот.

Член 12

(1) Лица за контакт кај кои заинтересираните страни можат да добијат дополнителни информации исклучиво во писмена форма преку електронска пошта, се лицата вработени во Агенцијата за електронски комуникации:

- Дафина Пауновска (за правни прашања)

e-mail: dafina.paunovska@aec.mk или

- Игор Бојаџиев (за технички прашања)

e-mail: igor.bojadjiev@aec.mk

(2) Сите прашања и одговори во врска со јавниот тендер ќе бидат објавувани анонимно на веб-страницата на Агенцијата за електронски комуникации, со адреса www.aek.mk.

Член 13

Потребната придружна документација ќе биде поблиску специфицирана во тендерската документација.

Член 14

(1) Одлуката за избор на најповолен понудувач по јавниот тендер со јавно наддавање ќе биде донесена во рок од 10 дена од денот на завршување на јавното наддавање.

(2) Понудувачите ќе бидат известени за донесената одлука по јавниот тендер во рок од 5 дена од денот на нејзиното донесување.

Член 15

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0201-1103/18
17 јули 2025 година
Скопје

Директор,
**Јетон Акику,** с. р.